**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09/5-21

20.08.2024

Куманово

| | |
|---|---|
| **ООУ„11 Октомври“Куманово** | |
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 17 до 19.04.2024 година |
| **Број на извештај:** | **Број 3 Североисточен/ 2024 година** |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Александар Панев |
| **Вид на училиштето:** | Основно општинско училиште |
| **Подрачни училишта** | 2 ( с. Долно Којнаре и с. Речица) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Куманово |
| **Наставен јазик:** | Македонски |
| **Број на ученици:** | 429 |
| **Полова структура на ученици:** | 226 машки, 203 женски |
| **Број на наставници:** | 56 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Далибор Стојановиќ |
| **Директор на училиштето:** | Драгица Спасиќ |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 28. до 30.01.2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | Улица Тодор Велков бб |
| **Телефон:** | 031/ 620 061 |
| **Факс:** | нема |
| **e-mail:** | oou-11oktomvri-kumanovo@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | 3,20 добар |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/0581/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015)) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл.весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од 17 до 19 Април 2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„11 Октомври“ Куманово.

Во подготвителната фаза е извршено прибирање на документација од училиштето, спроведено е анкетирање на структурите во училиштето по пропишана методологија и извршена е обработка на податоците од документацијата и анкетите.

Државните просветни инспектори за време на Интегралната евалуација во училиштето остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор, Совет на родители и Училишната заедница. Се водеа разговори со фокус групи на ученици, наставници и членови на тимот на изготвување на Самоевалуацијата.

При реализацијата на интегралната евалуација се посетени 42 наставни часови и е спроведено и вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„11 Октомври“ Куманово е оценето со 3,20 **добро**.

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба во училиштето која е извлечена од евалуацијата на сите 7 подрачја кои беа во фокусот на внимание на инспекцискиот тим.За ваквата оценка придонесува согледувањето на објективните, но и на субјективните причини. Инспекцискиот тим вниманието повеќе го посвети, како на објективните, така и на субјективните фактори кои значително влијаат на општата оценка на работењето на училиштето и можат во иднина да влијаат за позитивниот развој на училиштето. Во анализата на субјективните фактори, потврдено е дека сите субјекти кои го сочинуваат воспитно-образовниот процес, управата на училиштето, стручната служба, наставниците, учениците, родителите и пошироката заедница, подеднакво се заслужни за квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето.

Воспитно-образовната дејност во ООУ„11 Октомври“ Куманово се одвива според наставни планови и програми за деветгодишно основно образование за деца од 6 до 15 годишна возраст, како и наставната Концепција за основно образование од Март 2021 година.Наставните планови и програми се реализираат согласно програмските документи донесени од Министерството за образование и наука и во пропишаниот обем.

Училиштето има добра печатена Брошура преку која родителите имаат можност да се запознаат со наставните планови и програми. Наставните планови и програми им се достапни на наставниците, родителите, како и на учениците, а наставниците врз основа на наставните планови и програми ги изготвуваат годишни планирања по предметите кои се изучуваат како задолжителни и изборни.

Наставата во централното училиштето се изведува во две смени, а во подрачните училишта во една смена.

Во ООУ„ 11 Октомври“ – Куманово, општина Куманово има изготвено Проширена програма, како посебен документ, која опфаќа прифаќање на ученици еден час пред започнувањето и еден час по завршувањето на наставните часови, но учениците се прифаќаат и згрижуваат од страна на дежурен наставник, а директорот има изготвено известување за реализација на дел од проширената програма.

Во редовната настава вклучени се 14 ученика со посебни образовни потреби и истите се со наод и мислење од соодветна здравствена институција.За работа со овие ученици училиштето има донесено Одлука за формирање на инклузивен тим за учебната 2023/2024 година со бр.02-438/1 од 27.09.2023 година, составен од стручен соработник-психолог, наставниците кои реалзираат настава во тие паралеки и дефектолог, како координатор на тимот.Инклузивниот тим во соработка со родителите/старателите и по претходно добиена нивна согласност изработува Индивидуални образовни поланови за работа со учениците со посебни образовни потреби. Планираните активности се прилагодени според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат.За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците, а исто така со овие ученици работат и 8 образовни асистенти.

Училиштето во Годишната програма има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока потпишан е Меморандум за соработка со друго мултиетничко училиште ООУ,,Јероним Де Рада‘‘ - с.Черкезе, општина Куманово и реализирани се предвидените активности согласно програмата.

Училиштето има формирано училишен спортски клуб „11 Октомври“ - Куманово, истиот е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија, со ЕМБС: 7113480 од 28.03.2016 година и со Решение за исполнетост  на условите, издадено од Агенцијата за спорт и малди  бр. 08-436/1 од 08.03.2017 година.

Изготвената Годишна програма на училиштето и планирањата на наставниците се добри, во истите се интегрирани меѓупредметни цели.. Вклученоста на учениците во слободни и воннаставни активности е  добра. Афирмацијата на училиштето и учениците е добра со учества на разни настани, манифестации и натпревари.

Училиштето го следи целокупниот воспитно- образовен процес,постигањата и психо-физичкиот развој на учениците. Има систем да ги идентификува учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици, учениците со посебни потреби и превзема мерки и активности за нивно напредување и надоградување. За постигнување на добри резултати училиштето реализира додатна и дополнителна настава. Од податоците во однос на постигањата, поведение и изостаноци на учениците во последните три учебни години може да се оцени дека истите се добри. Вработените и учениците се горди на постигањата  на учениците, од учеството на натпревари на сите нивоа и постигнуваат многу добри резултати.Училиштето има изградено имиџ. Редовноста на учениците е добра.

Поддршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручната служба и директорот е добра. За изготвување на планирањата наставниците разменуваат искуства на ниво на стручни активи.Наставниот процес се реализира согласно НПП, Годишна

програма на училиштето, планирањата на наставниците и распоред на часови. Во наставниот процес поголем број од наставниците користат разновидни адекватни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.Поголем број на наставници вршат правилен избор на задачи, активности и ресурси за реализација на наставните содржини. Атмосферата на часовите е мотивирачка, а начинот на кој се учи е интересен. Воспоставена е добра интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето. Поголем број наставници настојуваат да ги вклучат сите ученици во процесот на учењето според нивните способности. Училиштето има пропишана процедура за оценување и користи разни методи при оценувањето на учениците. Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците.

Училишниот простор е безбеден за настава.Училиштето има пропишани процедури за заштита од физички повреди,елементарни непогоди и насилство.Води грижа за здравјето на учениците и квалитетот на достапната храна. Наставниците и стручните соработници водат индивидуална евиденција за напредокот на учениците, водат анализа за напредокот на учениците по паралелки и даваат помош при избор на понатамошно образование.

Училиштето има донесено кодекс на однесување на сите структури. Дисциплината и повединиeто на учениците се добри. Постигањата на учениците и училиштето се промовираат на разни настани и манифестации на локално и пошироко ниво. Училиштето промовира еднаквост и правичност, почитивајќи ги правата на учениците. Има програма за промовирање на мултикултурализмот. Односите и соработката на директорот со стручните тела и органи на училиштето се добри. Соработката со локалната средина е добра.

Просторните услови и искористеноста на просторниот капацитет (училници, кабинети) се добри. Централното училиште располага со фискултурна сала со површина од 272 $м^2$, сместена во состав на училишна зграда.Салата ги исполнува условите но нема доволен број на нагледни средства и опрема. Училишниот двор зафаќа површина од 4080 $м^2$ , е делумно уреден со трева и дрвја кои редовно се одржуваат. Училиштето не е целосно оградено. Од задната страна нема ограда, а граничи со приватен објект( семејна куќа ) и објект на подрачна единица на ДПИ и БРО. Од предната страна училиштето е оградено со застарена и дотраена ограда и има потреба од санација. Во склоп на училишниот двор има новоизградено игралиште за мал фудбал и кошарка оградено со мрежа изградено преку Агенција за млади и спорт, но е утврдено дека спортското игралиште најмалку се користи од училишните деца, а повеќе се користи од маалските деца на училиштето, кои имаат направено големо оштетување на оградата на самото игралиште.

Опременоста со нагледни средства е добра. Наставата ја изведува соодветен наставен кадар. Училиштето презема мерки за професионален развој на наставниците. Раководниот орган добро го планира буџетот на училиштето.

Орган на управување во училиштето е УО (Училишниот одбор), истиот е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана со Деловник за работа, УО работи транспарентно, со редовно одржување на состаноци. Има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.

Раководниот орган има определба заснована врз визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето.

Училиштето има изготвено Самоевалуација архивирана под бр.01-248/4-1 од 05.07.2022 година, која целосно ги отсликува реалните состојби во училиштето. Во Самоевалуацијата истакнати се слабите и силните страни.

Училиштето има донесено Развоен план на училиштето 2022 до 2026 година дел.бр. 01-248/5 од 05.07.2022 година.

За учебната 2023/2024 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа дел. бр. 01-287/3/4 од 07.07 2023 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното општинско училиште „11 Октомври“ Куманово е лоцирано на ул. „Тодор Велков” б.б. и започнува со работа во 1964 год.Овој податок укажува на тоа дека нашето училиште е образовна институција со големо искуство, традиција и изграден имиџ.Во состав на училиштето, работат и две подрачни училишта од населбата Долно Којнаре и село Речица, во кои се остварува воспитнообразовна дејност за ученици од I до V одделение.

Наставата во училиштето се одвива во индивидуални училници за секое одделение и се изведува на македонски јазик со употреба на кирилско писмо.Истата ја следат ученици од македонска, српска и ромска националност.

Основното училиште „11 Октомври“ Куманово е основано со Решение број 11617/1 од 26.06.1964 година издадено од Општинско собрание и Соборот на работните заедници на Куманово. Преверификација е извршена од Министерство за образование и наука со донесено Решение бр 09-17101/3 од 14.06.2004 година, Училиштето е регистрирано во Централен регистар на Република Македонија на 11.09.2023 година, за што е донесено Решение со деловоден бр 31020230000255 со ЕМБС : 4029399 .

Во учебната 2023/2024 год. во ООУ „ 11 Октомври“ Куманово централно училиште се запишани вкупно 334 ученици распоредени во 26 паралелки од I до IX одделение. Во ПУ с.долно Коњаре, се запишани 72 ученици, распоредени во 5 паралелки од I до V одделение, во ПУ с. Речица се запишани се 21 ученици, распоредени во 5 паралелки, од кио 2 се

комбинирани од I до V одделение.На ниво на училиште во ООУ „ 11 Октомври“ Куманово вкупно се запишани 429 ученици распоредени во 36 паралелки и тоа: од I – V одделение 20 паралелки, а од VI – IX одделение 16 паралелки.

Наставно – воспитната работа се изведува во 4 училишни згради со 21 училници, 1 фискултурна сала, 1 библиотека, 2 надворешни спортски терени, 5 канцеларии. Централното училиште работи во две смени, додека подрачните во една смена.

Воспитно - образовната дејност во училиштето ја остваруваат 56 наставници. Образовната структура на кадарот одговара на законските и програмските барања по наставни предмети. Во одделенска настава, наставата ја изведуваат 18 одделенски наставници од кои 5 наставници изведуваат настава во Подрачното училиште во с. Долно Коњаре, 3 наставници во с.Речица. Во предметна настава сите наставни предмети се застапени според наставниот план и програма и се реализираат од 38 наставници. Има 2 наставници кои се во други училишта и кои дополнуваат часови во ООУ „ 11 Октомври“ Куманово.

Наставата во ООУ „ 11 Октомври“ Куманово се изведува во две смени. Работата и наставата во училиштето ја реализираат 56 наставници, раководен орган - 1, стручни соработници – 4, педагог, психолог, дефектолог и библиотекар, административен работник - 1 секретар,1 сметководител, техничка служба - 11 лица.

Училишните згради се затоплуваат со систем за парно греење на гас во централното училиште и со огрев на дрва во едното, а на струја во другото подрачно училиште.

Училиштето има донесено Статут со дел. бр.01-496/2 од 05.12.2019 година, е со добиена согласност УП1 бр.18-3013/5/4 од 10.03.2021 година, од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

## 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ „11 Октомври“-Куманово се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование.Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.Наставата по физичко и здравствено образование во прво одделение во подрачното училиште во с.Речица, поради недобиена согласност од МОН за новофинансирање, до деновите на интегрлана евалуација е спроведена само од наставникот по одделенска настава, а од деновите на интегралниот надзор, за спроведување на тандем наставата е обезбеден наставник. Содржините во поголемиот број наставни програми овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат.Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура и преку веб-страната на училиштето wwwoou11oktomvrikumanovo.edu.mk.

Наставата во централното училиштето се изведува во две смени, а во подрачните училишта:во подрачното училиште во с. Речица наставата се изведува во една смена, а во подрачното училиште во с. Долно Којнаре во две смени.

Во редовната настава вклучени се 14 (четрнаесет) ученици со посебни образовни потреби, со наод и мислење од соодветна здравствена институција.За поддршка и работа со учениците со посебни образовни потреби училиштето има формирано училишен инклуизивен тим.За учениците со посебни образовни потреби, по претходно добиена согласност од родителите/старателите има формирано инклузивен тим за секој ученик кој изработува индивидуален образовен план за работа со овие ученици согласно нивните потреби.За работа со учениците со посебни образовни потреби во училиштето има ангажирано 8 (осум) асистенти.Согласно со дидактичките упатства добиени од дефектологот и согласно

со пропишаната процедура за изготвување на индивидуален образовен план наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Училиштето идентификува и им дава поддршка на учениците со потешкотии и на талентираните ученици.

Училиштето ја почитува процедурата и дава можност учениците да вршат избор на изборните наставни предмети според нивните интереси и потреби.Училиштето нуди три изборни предмети според наставниот план.Се врши анкетирање и се почитува изборот од страна на учениците и родителите.

Училиштето има и реализира програма за навремено прифаќање и испраќање на децата од прво до трето одделение.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислење за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците, стручните соработници и родителите.Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието. Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот застапен е во одделенска настава, додека помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, а покренува и писмена иницијатива до релевантните институции за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците, како и обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот.Најголем број ученици се вклучени во една од училишните секции и други воннаставни активности организирани од училиштето.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност.Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции.Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се балансирано хетерогени (од различни паралелки).Училиштето во воннаставните активности ги

вклучува и учениците со посебни образовни потреби.Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите.Учениците, преку ученичкиот парламент не се вклучуваат со свои предлог-содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности.Учениците поединечно даваат предлози и идеи кои наставниците најчесто ги земаат во предвид.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците учествуваат во различни манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години училиштето учествува на голем број натпревари и освојува награди на државно, регионално и општинско ниво, а има освоено и една прва и една трета награда на меѓународно ниво.

Учениците работат на проекти и покренуваат иницијативи од еколошка природа. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности соодветно користи различни медиуми, веб -страната на училиштето и преку социјални мрежи. Во соработка со партнер –училиштето ООУ„Јероним де Рада ‘-с.Черкезе, Куманово, реализира заеднички активности за меѓуетничка интеграција. Во училиштето има и Тим за училишна интеграција.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб во рамки на кој учениците учествуваат во најразлични спортски дисциплини: атлетика, фудбал, кошарка, одбојка, ракомет и други дисциплини по потреба на учениците. Во спортските дисциплини се вклучени поголем број на ученици. Клубот е активен и учествува на разни спортски натпревари и активности на кои освојува голем број на награди на општинско, регионално и државно ниво.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според пол, по сите наставни предмети и за сите класификациони периоди, по одделенија. Училиштето изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни анализи за постигањата на учениците.Според анализите на крајот на последните три учебни години постигањата на учениците во училиштето се многу добри и тоа: Среден успех на училишно ниво последните три учебни години е 4,30 и тоа: во учебната 2020/2021 година е 4,25, во учебна 2021/2022 и 4.25 во учебна 2022/2023 е 4,40);

Училиштето планира и презема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба.Во трите претходни учебни години се спроведени се 29 советувања од кои 4 за намален успех и 25 за изостанување од настава.

Најголем број на наставници им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.Наставниците согласно распоред, во најголема мера реализираат дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат потешкотии во учењето како и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците, ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава, но делумно ги следи постигањата по завршување на основното образование. Училиштето нема податоци за успехот на учениците од средно училиште каде се запишале учениците.

Училиштето има интерен акт за избор на ученик на генерација според кој секоја учебна година избира ученик на генерација.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Има изградена политика и презема различни активности да ги запише сите деца од својот реон (соработка со надлежните институции, локалната заедница и градинките). Со цел претставување на училиштето пред родителите и новите ученици, во училиштето се организираат и отворени денови за презентација на работата на училиштето и постигањата на учениците. Преку изработената брошура на училиштето,родителите се информираат за најголем дел сегменти од работата на училиштето. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.Соработува со родителите за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. За учебната година 2021/2022 од вкупниот број на изостаноци 10928 од кои просечниот број на изостаноци е 25,35 по ученик, од кои 22,91 изостанок по ученик се оправдани, а 2,44 се неоправдани. За учебната година 2022/2023 од вкупниот број на изостаноци 4727 од кои просечниот број на изостаноци е 10,99 по ученик, од кои 9,68 изостанок по ученик се оправдани, а 1,3 се неоправдани. За учебната 2023/2024 год. , според полугодишниот извештај, има вкупно 2911 изостанока од кои просечниот број на изостаноци е 6,28 по ученик, од кои 6,47 изостанок по ученик се оправдани, а 0,35 се неоправдани.

Во последните три учебни години нема осипан ученик.Училиштето го следи осипувањето на ученици (според полот и етничката припадност).Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3 Повторување на ученици

Во последните три учебни години нема ученици кои биле задржани во исто одделение со согласност на родител и нема ученици кои го повторувале одделението. Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценка на крајот на наставната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагошко-психолошката служба и од страна на директорот.Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од новата концепција на основното образование, меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Најмалку двапати во едно полугодие  се следат планирањата на наставниците од страна на педагошко-психолошката служба и директорот.

Најголем број наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности.Имаат подготвени годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час, односно годишни и тематски процесни планирања што ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување кај поголем број наставници се јасно утврдени во планирањата и ги користат информациите од оценувањето за утврдување на потребите на учениците и да ги планираат следните активности  во поучувањето и учењето. Поголем број наставници користат дигитални е – содржини, соработуваат  и разменуваат искуства  со наставници  од други училишта.

Распоредот  на часови е изготвен согласно наставниот план, имајќи го во предвид распоредот за наставници кои реализираат настава во други училишта, број на часови по паралелки и изборни предмети, притоа почитувајќи го најдобриот интерес на ученикот. Училиштето навреме изработило распоред за додатна и дополнителна настава и истиот е истакнат на видно место во училиштето.

Училиштето има изготвено распоред за ѕвонење и наставата се реалзира согласно распоредот.

### 3.2 Наставен процес

Поголем број од наставниците користат разновидни наставни техники, форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење.Поголем број наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.Часовите се реализираа по предвидениот тек на наставниот час со воведен, главен и завршен дел. Најголем број наставници ги  реализираа поставените цели на часот.

Задачите што се работат во училиште или дома (домашна задача) се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите кај помал број наставници се со различно ниво на сложеност приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците

користат различни ресурси и приоди за учење, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Поголем број наставници на учениците им овозможува да работат со сопствено темпо. На учениците кои подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да се вклучат и напредуваат во наставниот процес.

Поголем број наставници редовно ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето. Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалот и предзнаењата на учениците.

Поголем број наставници наставата ја реализираат со примена на различни интерактивни методи, сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовираат различни начини на учење и градење на доверба меѓу наставниците и учениците.Интеракција наставник – ученик е на многу добро ниво.Интеракцијата најчесто е присутна во работа во групи, при обработка на наставна содржина и при повторување со користење на техника.За усвојување нови знаења, вежби и утврдување на знаењата најголем број на наставници користа соодветни форми, методи и техники за работа.

Во создавање клима за надминување на културните разлики, способностите, физичкиот хендикеп, интелектуалната попреченост кај учениците, наставниците превземаат различни и соодветни активности. Дициплината кај најголемиот дел од учениците е добра. За време на часовите постои добра работна атмосфера. Учениците се однесуваат со почитување меѓусебе и со почитување кон возрасните.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес којашто редовно се применува при посета на наставен час. Во училиштето се практикува размена на искуства меѓу колегите од училиштето преку дискусии на стручните активи како и преку реализирање на нагледни часови.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.Училишнот простор е естетски уреден, а трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата и во училиштето, почитувајќи ги естетските норми.Тие редовно се менуваат, согласно целите на наставата и учењето.Секој ученик добива можност да има изложен труд. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.За време на часот поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Најголем број на ученици имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење делумно се зема во предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.Учениците иницираат мал број на активности и преземаат различни одговорности во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето поттикнува  и имотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интеракцијата ученик-ученик  е многу добра.Интеракцијата меѓу учениците за заедничка  работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав се добри.Најголем дел од ученици сметаат дека се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и педагошко-психолошката служба ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување. Поголем број наставници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик, вклучувајќи и кодекс за оценување.Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците (формативно и сумативно).Наставниците имаат изготвено стандарди и критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени.Мал дел од наставниците не секогаш ги применуваат стандардите и критериумите при формирање на оценката на учениците.

Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.Учениците делумно се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми за оценка). Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со  учениците за нивниот напредок и постигањата. Голем акцент се става на вреднувањето на дневните постигања на учениците и на детектирањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.Наставниците ги користуваат информациите добиени од оценувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголем број наставници редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални

препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат добро организирани формални и неформални средби, групни средби за пренесување на информациите за паралелката во целина и индивидуални средби за пренесување на информации за конкретен ученик со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи, евидентен лист со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Најголем број наставници од родителите бараат да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца. Во училштето на јавно место е објавен распоред на индивидуални средби на наставници со родителите на учениците, распределени секој работен ден во неделата. Исто така, на ниво на секоја паралелка во функција се формираат и групи на социјални мрежи и мрежите за комуникација за навремено информирање на родителите од страна на наставниците.

Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, родителите имаат пристап до него и редовно се известуваат преку телефонски пораки и пораки преку е-пошта.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4. 1. Севкупна грижа за учениците

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, прозорците, струјните места, дворот итн.) е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има интерен акт, План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. Планот со шематски приказ на просториите е истакнат на повеќе видни места во училиштето**.** Низ ходниците на училиштето истакнати се стрелки со насоки за движење во случај на елементарна непогода. 10 наставници се обучени за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Секоја календарска година се изведува симулација за евакуација на вработените и учениците во случај на пожар и други елементарни непогоди.

Училиштето поседува документација за извршено сервисирање на 11 ПП апарати и 6 хидранти од надлежни и овластени институции.

Постојат осигурителни полиси за учениците, за вработените, за училишниот објект, за имотот на училиштето, за кражба на опрема, за опремата во сите училишни објекти и за стаклото на прозорите и на вратите во училиштето. Училишниот објект и опремата во сите училишни објекти се осигурани со полиса за осигурување бр.080400003269/00, која важи до 5.11.2024 година, преку Еуролинк Осигурување – АД, со адреса на улица Пиринска 23, Скопје.

Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство, пропишан протокол за намалување на насилство. Училиштето ги запознава учениците со сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко малтретирање, но такви појави не се регистрирани во училиштето. Учениците се чувствуваат безбедни во самото училиште и во училишниот двор. Влезот на училиштето за време на изведување на наставата е контролиран од техничкиот персонал и дежурните наставници, а по завршување

на наставата е обезбедено од вработено лице - ноќен чувар. Видео надзорот со 16 поставени камери, кој постои во училиштето не е во функција во мементот на вршење на надзорот, а бил оштетен по извршеното реновирање на училиштето.

Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и наркотични супстанци и на видни места има поставено апликации за забрана на истите. Раководителите на паралелката во рамките на одделенските часови ги запознаваат учениците со штетноста и последиците од консумирање на истите. Забраната од пушење се почитува од вработените.

Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Училиштето има уредна документација со склучени 3 договори за закуп за користење на спортска сала за рекреација.

Училиштето има услови и пропишани процедури за грижа и поддршка на ученици со телесни пречки во развојот. Пристапот на училиштето е приспособен на потреби за ученици со физичка попреченост. Изградени се соодветни пристапни рампи.

Во училиштето се негува хуманоста и солидарната помош кон учениците. Се организираат манифестации од хуманитарен карактер во кои се вклучени учениците, вработените и родителите. Има примери за организирани базари, ,,Велигденски базари„ активности во соработка со Невладини организации со кои соработува училиштето. За учениците од социјално-ранливи категории училиштето обезбедува бесплатно екскурзиии и посета на други манифестации и институции.

### 4.2. Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат и дезинфицираат секојдневно по три пати во денот. Мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Тоалетите во училиштето редовно се одржуваат и се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Дворот на училиштето не е целосно ограден и уреден. Во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Во училишниот простор поставени се корпи за селектирање на отпад.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор.

Согласно законската обврска се извршени систематски прегледи на сите вработени во училиштето во соработка со ПЗУ Д-р Драган Куманово – Ординација по медицина на труд. За учебната 2023/2024 година извршени се и санитарно-хигиенски прегледи на вработените. Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката при евентуална потреба од таков третман.

Согласно воспоставените еко - стандарди спроведени се точки на акција за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, акции за собирање на отпад за рециклирање, штедење на вода и електрична енергија и сл.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето, во склоп на Годишната програма за работа има и Програма за професионална ориентација на учениците. Стручните соработници и наставниците во

училиштето се грижат за давање помош и насочување на учениците при изборот на институцијата за понатамошно образование. Сите ученици добиваат јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование, односно за нивната идна професија. Согласно конкурсот за запишување во средните училишта им дава конкретни совети за идната професија. Општи информации за понатамошно образование добиваат и на одделенските часови во деветто одделение. Истовремено учениците учествуваат на разни презентации организирани од страна на средните училишта кои нудат промотивен материјал и информации за уписите во нив. Има примери за организирани посети на средни училишта.

Во училиштето има пропишани процедури за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Проблемите од таков вид кај учениците се откриваат преку разговор со нив или со нивните родители, од страна на одделенските раководители и стручните соработници. По потреба, стручните соработници ги упатуваат родителите до релевантни медицински установи.

### 4.4. Следење на напредокот

Училиштето во целина го следи напредокот на учениците. Наставниците и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Индивидуалниот напредок на учениците континуирано се евидентира во дневникот на паралелка, евидентните листови и во личната евиденција на наставниците. За следење на постигањата на учениците постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите на учениците.

Училиштето врши анализи и подготвува извештаи за успехот и поведението на учениците за прво и за трето тромесечие и за успехот на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година по одделенија и паралелки. Изготвените извештаи и компаративни анализи, целосно се достапни за наставниците, родителите и за учениците. Резултататите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по стекнување добри знаења, умеења и вештини, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Учениците и вработените се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Наставниот кадар ужива респект кај родителите.

Училиштето има посебни кодекси за однесување на учениците, родителите, наставниците и другите вработени и Куќен ред за однесување. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување пропишани со кодексите и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Климата и односот меѓу раководниот орган и стручната служба е на задоволително ниво.

Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на настава и воннаставните активности. Има распоред и дежурства на наставници и ученици за време на наставата. Училиштето има правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците и соодветно го применува.

Во училиштето има работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности. Дисциплината на учениците во училиштето е на добро ниво. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат, соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

Училиштето има формирано училишна заедница избрана на демоктатски начин и која функционира според изготвен План за работа на училишната заедница. Учениците се навремено информирани за работите кои се од нивен непосреден интерес. Учествуваат при решавање на проблеми и партиципираат во донесување на одлуки што се од нивен интерес.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците преку доделувања награди и пофалници на патрониот празник, други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта. Промовирањето на постигањата на учениците се врши и преку училишната веб страна, медиуми, страната на општина Куманово, општински весник, локалната телевизија и сл. Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето има изготвено и Правилник за ученик на генерација, но нема јасно дефинирани критериуми за избор. Ученикот кој е првенец добива награда и пофалница. Постигањата на учениците се истакнати на видно место во училиштето.

Училиштето има политика на потикнување на наставниот кадар и на учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех. Училиштето е препознатливо по постигањата на учениците и освоени голем број награди од висок ранг во голем број области преку кои го промовирале училиштето.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето вклучувајќи ги и родителите во органите и телата на училиштето се запознати со правата на децата. Во училниците и холот на училиштето истакнати се изработки од работилници организирани и во контекст на правата на децата.

Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Има обучени наставници кои учествувале на Проектот за мултиетничка интеграција во образованието, кои извршиле дисеминација на останатиот наставен кадар. Заради негување на мултикултурализмот планираат, организираат и реализираат заеднички наставни и воннаставни активности со ООУ,,Јероним Де Рада“ – с. Черкезе, општина Куманово, со цел да се обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и наставниците.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и локалната заедница

Соработката со родителите се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа: поеднечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку членови на Училишен одбор-претставници од родители и отворен ден за родители еднаш во полугодие. Училиштето со својата работа ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се обемноста на наставните планови и програми, советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии. Комуникацијата на родителите во училиштето се остварува и преку приемен ден. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Училиштето е активно вклучено во соработката со локалната заедница, стопанските субјекти и невладиниот сектор преку спроведување заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата.

Учениците во рамки на наставните и воннаставните активности во вид имаат можност да посетат дел од историските споменици и локалитети во град Куманово и околината, државни институции во близина, кои се планирани во годишната програма на училиштето.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Просторни капацитети

Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава. Постојат пријатни просторни услови за одвивање на работата на наставничкиот кадар и за организирање на вон наставни активности за учениците. Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје. Истото е лоцирано на ул. „Тодор Велков” бб., Куманово.

Наставата се изведува на три локации, односно во централното училиште и двете подрачни училишта во село Долно Којнаре и село Речица. Училишните згради се од тврда градба.

Училиштето располага со 27 училници, од кои 8 училници се во подрачните училишта, фискултурна сала и спортски терени, простории за директор, секретар, наставници, библиотекар, педагог, психолог и дефектолог, како и просторија за помошно – технички персонал и магацин.

Училишниот двор зафаќа површина од 4080 $м^2$, делумно е уреден со трева и зимзелени дрвја. Дворот не е целосно ограден. Од задната страна нема ограда, а граничи со приватен објект (семејни куќи ) и објект на подрачна единица на Државен просветен инспекторат и БРО. Од предната страна училиштето е оградено со застарена и дотраена ограда која на многу делови е оштетена. Училиштето не ги знае точните мери и граници на училишните дворови во централното и во подрачните училишта од причина што голем дел од дворовите немаат ограда или е оштетна. Граѓаните кои што живеат во близина на училишните објекти ги користат дворовите на училиштето за сопствени потреби како скратен пат, паркинг или во подрачното училиште во село Долно Коњаре поминуваат со возилата низ училишниот двор.

Приодот и влезот за учениците и вработените не се соодветно уредени според стандардите за главен влез на училиште. Сообраќајот на улицата од која се пристапува кон училишниот влез не е регулиран со пешачки премини или успорувачи за брзина за возилата. Има голем број возила кои паркираат на улицата и тротоарите пред училишниот влез и го попречуваат оставањето и земањето на учениците.

Централното училиште располага со фискултурна сала со површина од 272 $м^2$, сместена во склоп на училишна зграда. Салата ги исполнува условите но нема доволно нагледни средства, реквизити и опрема за успешно и квалитетно изведување на наставата.

Во склоп на училишниот двор има новоизградено игралиште за мал фудбал и кошарка, оградено со мрежа, а изградено преку Агенција за млади и спорт во 2014 година.

Утврдено е дека спортското игралиште се користи од учениците за време на наставата, а после настава се користи од маалските деца, кои имаат направено оштетување на оградата и жицата на самото игралиште. Отвореното спортско игралиште е во добра состојба.

Училиштето нема добар распоред за целосна искористеност на училишната сала за учениците од одделенската настава, а другите расположиви капацитети ги користи за изведување на наставата и за вонннаставните активности со што ги задоволува потребите на учениците.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со мала количина на наставни средства и помагала по норматив по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема, реквизити и опрема за Физичко образование и по другите предмети , истите делумно ги обновува, а голем дел од постоечките не соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно – образовниот процес. Од останатата опрема централното училиште располага со интерактивна табла добиена преку проект со Мировен корпус, исто така, има три проектори – по еден во централното и во подрачните училишта.

Нема интерактивни табли со компјутери во училниците во централното училиште, додека во подрачните училишта има по една интерактивна табла која не е во функција.

Во мал дел од училниците има функционални компјутери кои ги користат наставниците, додека поголемиот дел кои стојат во училниците не се во функција.

Наставниците и учениците знаат кои и какви наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето.

Недостасуваат наставни средства и материјали по голем дел од наставните предмети, а наставниците во подрачните училишта самите си имаат набавено печатачи, тонер, хартија и користат сопствени компјутери за при реализација на наставните содржини, заради тоа што училиштето не обезбедило.

Учењето и наставата кај поголемиот број на наставници е со импровизирано користење на ИКТ преку сопствени лаптоп компјутери или смарт телефони, од причина што постоечките кои се наоѓаат во училниците не се исправни и не функционираат.

Наставниците и учениците во централното училиште континуирано имаат пристап до интернет, а во подрачните училишта интернет врска во моментот има, но повремено се случува да нема по неколку месеци, за што надлежните се навремено известени од страна на наставниците. За учениците со посебни образовни потреби училиштето недоволно располага со мал број соодветни нагледни средства, материјали и специфични помагала за реализација на настава.

Училишната библиотека располага со 9342 книги, од кои 1280 лектири, стручна литература 366 книги, слободна литература 478 книги. Исто така, располага со литература на други јазици и тоа српско-хрватски 542 и англиски јазик 10 книги а има и 50 енциклопедии. Секоја учебна година книжниот фонд се зголемува по пат на купени книги и подарени книги од разни донатори. При издавање се води евиденција во електронска форма. Библиотекарот уредно го води проектот Бесплатни учебници и има формирано библиотекарската секција. Секцијата активно учествува на натпревари „Млади библиотекари“ и освојува награди.

Училиштето планира набавка на потрошен матерјал, но не обезбедува во континуитет потрошен материјал и во потребното количество за квалитетна реализација на наставните и вон наставните активности, согласно планот на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето за реализација на воспитно – образовниот процес има вработено наставен кадар по сите наставни предмети. Наставата во училиштето ја реализираат 56 наставници, од кои 2 наставника надополнуваат часови, а се вработени во друго училиште во опчтината. Според образовниот профил 50 наставника се со високо образование и 6 наставника се со вишо образование. На неопределено работно време се 40 наставника и 14 наставника се на определено работно време. Во училиштето 4 наставника се без стручен испит. Според полот 43 се жени и 8 се мажи, според етничката припадност 45 наставника се Македонци. а се 6 Срби. Од други училишта во училиштето настава реализираат вкупно 2 наставника. Наставата во одделенска настава ја изведуваат 18 одделенски наставника, а во предметна настава изведуваат 33 наставника.

Наставниот кадар е квалификуван и е оспособен да ги преземе одговорностите во наставата и вон наставните активности. Работата на наставниот кадар е поддржана од страна на директорот, стручната служба и административно – техничкиот персонал. Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Со наставникот приправник работи ментор согласно изготвена програма за работа.

Наставниците работат како тим во рамки на 3 стручни активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид соодветната квалификација согласно нормативот, искуството и професионалниот развој на наставникот. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Училиштето има стручна служба (педагог, психолог, дефектолог и библиотекар) која им помага на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. За учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби училиштето има план за следење и работа со учениците, а исто така со овие ученици работат и 3 образовни асистенти, преку Проектот во соработка со Општината „Локална преграткa“.

Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

### 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги во предвид професионални компетенции за наставници. Училиштето има Програма за професионален и кариерен развој на наставниот кадар.

Училиштето организира дисеминација на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки. Во последните три учебни години наставниците биле на 89 обуки. Училиштето превзема активности за следење на обука за работа со учениците со посебни образовни потреби. Училиштето има план за организирање на нагледен час. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.

Од страна на наставниот кадар изготвени се индивидуални програми за професионален и кариерен развој.

### 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и рокови. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства кои се добиваат од издавање на спортската сала. При креирање на финансискиот план делумно се зема предвид предлогот на наставниците за потребата од набавка на современи наставно-нагледни средства, опрема, техника и потрошни материјали за реализација на наставата.

Училишниот одбор добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето преку годишниот извештај или во текот на годината на барање на некој од членовите. Финасовиот план и финансиски извештаи редовно се разгледуваат и носат од страна на училишниот одбор со мнозинство гласови. Училиштето дополнително ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето доколку побараат. Буџетските приоритети се поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. Буџетот во најголем дел се користи за тековни трошоци, како превоз, затоплување, а многу мал дел се користи за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

## *7.*Управувањеи раководење со училиштето

### 7.1.Управување/раководење со училиштето

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор, составен од 7 члена. Училишниот одбор во овој состав е избран и конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето, а начинот на работа е определен со Деловникот за работа и со Годишна програма за работа.Училишнбиот одбор одржува состаноци, зависно од потребите на училиштето, но најчесто тоа е еднаш месечно.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето,Совет на родители и локалната заедница.Седниците се закажуваат навремено и се води уредна документација.

Раководен орган во училиштето е претставен од директорот Драгица Спасиќ со прв мандат, именувана со Решение бр.08-8864/2 од 24.08.2023 година, Дипломиран професор по одделенска настава.Истата поседува Уверение бр.11384/4 од 23.11.2018 година и Уверение бр.0057/31.08 од 2020 година за положен странски јазик.Раководниот орган има јасна визија и знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивните придонеси во тимската работа и како да ја промовира добра практика за поквалитетно образование и воспитание на учениците. Иницира и успешно раководи со новитетите и промените во образовниот систем.Знае да идентиикува и да се фокусира на приоритетите на училиштето во насока на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.Посебен акцент од своето работење става на постигањата на учениците, подобрување на климата и подобрување на условите за работа.Соработката помеѓу училишните тела и органи е добра и во најголем дел е со дирекна комуникација, преку средби, соопштенија, како и писмена коренсподенција со оние кои треба да бидат информирани.

### 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Целите на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и поголеми постигања на сите ученици.Во креирањето на целите во најголема мера учествуват сите вработени, а во голема мера се вклучуваат родителите и учениците.Досегашните постигнати цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.

За севкупната работа на училиштето, вклучувајќи го и успехот и постигнатите резултати, училиштето добро ги информира вклучените во воспитно образовниот процес (наставници, ученици, родители), но во исто време благовремено поднесува и извештаи и информации до надлежните органи во текот на учебната година.

Директорот има јасна цел за подобрување на стандардите и условите за работа во воспитно –образовниот процес.

Вработените активно учествуваат во креирање и во ажурирање на стратегиите за остварување на целите.Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната

програма за работа.Посебен документ за образовната политика е Програма за развој на училиштето.Раководната структура постојано ги следи и анализира постоечките политики во врска со подобрување на квалитетот на работата во училиштето, го следи квалитетот на сите подрачја во воспитно – образовната дејност и врши соодветни целни планирања за нивно подобрување.

### 7.3 Развојно планирање

Училиштето потребите за развој ги има идентификувано во развојното планирање за севкупното работење на училиштето.Во развојното планирање определени се мисијата и визијата на училиштето.Наставниците се информираат за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати, учениците и родителите делумно се информирани.

Училиштето има изготвено програма и обезбедено финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес.Училиштето има воспоставено систем за десиминација на посетените едукативни семинари и обуки за унапредување на воспитно – образовниот процес. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално – технички средства, опрема, реквизити, континуирано ги планира, но нема доволно средства да ги обезбеди и нередовно ги плаќа. Училиштето донесува финансов план и според матрејалните и финасиските можностис, оодветно обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата. Соработка со локалната самоуправа и деловната заедница во однос на подобрување на внатрешната и надворешната инфраструктурата е добра.

Училишниот одбор донел Одлука за усвојување на Самоевалуацијата бр. 04-248/4-2 од 05.07.2022 година која се однесува за период од 2020-2022 година.Училиштето изготвило Програма за развој бр.01-248/5 од 05.07.2022 година за период од 2022 до 2026 година.Самоевалуацијата и Програмата за развој на училиштето се усвоени и донесени на иста седница на училишниот одбор на ден 05.07.2022 година. Во Програмата за развој акцентот е ставен на три стратешки цели: стручно усовршување на наставниот кадар, унапредување на воспитно-образовниот процес и подобрување на инфраструктурата во училиштето. Во наредниот период директорот има свои приоритети во развојното планирање, како на пример, обезбедување на простории за дневен престој, професионално усовршување на наставниците и унапредување на работата на наставниците за работа со децата со посебни образовни потреби и децата со потешкотии во учењето и развојот преку обуки и семинари, поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес , поголема вклученост на родителите во животот на училиштето и друго.

## Наоди и препораки

## Јаки страни

- **Негување на мултикултурализмот, имплементација на проект за меѓуетничка интеграција преку обучен наставен кадар во таа насока;**
- **Се изготвува компаративна анализа на успех во последни три учебни години како и споредбени анализи со статистички податоци.**

- **Во училиштето се практикува размена на искуства помеѓу колегите, преку дискусии на стручни активи.**
- **Добро управување, раководење, соработка и разбирање помеѓу раководниот и органот на управување на училиштето.**
- **Училиштето има развиен систем и да организира заеднички активности (наставни и вон наставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето.**
- **Донесените кодекси за однесување се почитуваат;**
- **Добар пристап кон учениците при што рамноправно ги вклучуваат и третираат учениците од различна родова, национална и социјална припадност во активностите на часот;**

**Слаби страни**

- **Ученичкиот правобранител презема мал број активности за промовирање на правата на учениците.**
- **Учениците, преку ученичкиот парламент не се вклучуваат со свои предлог-содржини и активности при избор на вонаставните активности.**
- **Училишниот двор е делумно заграден со стара и дотраена ограда, на многу места оштетена или ја нема.**
- **Во ПОУ с.Речица нема спортски терен за реализација на наставата по Физичко образование.**
- **Недоволна искористеност на отвореното асфалтирано спортско игралиште од школските деца во добри временски прилики, изградено од Агенцијата за млади и спорт.**
- **Нерегулирани имотно правни односи за границите на дворот, нецелосно ограден училиштен двор и застарена и оштетена ограда во делот каде што ја има.**

**Препораки**

- **Училишниот правобранител да зема поголем број на активности за промовирање на правата на учениците.**
- **Учениците преку ученичкиот парламент да се вклучуваат во активности за избор на вонаставни содржини.**
- **Училишниот двор да се огради во целост, да се заштити и надгледува од понатамошни оштетувања.**
- **Да се преземат активности за изградба на спортски терен во ПОУ с.Речица;**
- **Да се превземат соодветни мерки за користење на отвореното асфалтирано спортско игралиште во добри временски прилики, изградено од Агенцијата за млади и спорт.**

- **Да се превземат мерки и активности за регулирање на имотно правни односи за границите на дворот, нецелосно ограден училиштен двор и застарена и оштетена ограда во делот каде што ја има.**

| | |
|---|---|
| Александар Панев,  Раководител на инспекцискиот тим | |
| Ивица Давидовски,  Инспектор | |
| Сања Јакимовска, Инспектор | |